Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

Сектор за уредување на просторот

17 Септември 2024 година

Архивски број : 21-1289/7

Предмет: Известување за јавен увид на **Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички План со намена Е1.8 – инфраструктури за пренос на електрична енергија – 35КВ среднонапонски подземен електричен вод за приклучок на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Гиновци, општина Ранковце**

Почитувани,

Во врска со член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 32/20, 111/23 и 171/24), Министерството за транспорт го става на увид на јавноста **Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички План со намена Е1.8 – инфраструктури за пренос на електрична енергија – 35КВ среднонапонски подземен електричен вод за приклучок на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Гиновци, општина Ранковце**. Јавниот увид ќе трае 15 дена односно од 17.09.2024 до 01.10.2024 година.

Во наведениот рок јавноста има можност да достави свои забелешки во однос на урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план на адресата на министерството за транспорт „Плоштад Црвена Скопска општина“ бр.4, 1000, Скопје како и на е-адресата:

- aleksandar.karangelov@mtc.gov.mk
- ilina.lalkova@mtc.gov.mk

Пристигнатите забелешки ги разгледува комисијата за урбанизам од членот 38 од Законот за урбанистичко планирање, која составува записник со образложенија за прифатените и неприфатените забелешки, што се објавува на службената веб страна на министерството.

Со почит,
Весна Андриеска, диа
Раководител на Сектор за уредување на просторот

Изработил: Александар Карангелов, диа


Министерство за транспорт на Република Северна Македонија
Ул. „Плоштад Црвена Скопска општина“ бр. 4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk